РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
**Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**
рег.бр.14.4-28071/1
09.02. 2026 година
Скопје

Согласно законската и подзаконската регулатива која ги утврдува надлежностите и делокругот на работење на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и имајќи го предвид Стратешкиот план и Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи, Одделот ја донесува следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

## 1.Вовед

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е контролен механизам на Министерството за внатрешни работи врз работата на работниците во Министерството. Одделот презема мерки и активности кои се насочени кон утврдување на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците во Министерството, како и преземање на мерки и активности за нивно спречување.

Постапува по предмети кои се оформени врз основа на добиени претставки од физички лица, работници од Министерството, здруженија на граѓани, правни лица, анонимни поднесоци, известувања добиени од организациски единици во Министерството, сопствени сознанија, телеграми или на друг начин оформени предмети. Воедно, врши проверки и по барања од Народниот правобранител, јавните обвинителства, невладини организации, други субјекти и врши контроли врз основа на изготвен План или по наредба на Министерот за внатрешни работи.

Преку програмските активности, Одделот ќе придонесе за доследна примена на законската и подзаконската регулатива, неселективната борба против незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците и транспарентност во работењето. Заради остварување на утврдените приоритети и

цели од работниците во Одделот се очекува високо ниво на професионалност, одговорност, посветеност, личен ангажман и тимска работа.

Во текот на 2026 година ќе продолжи да ја извршува својата контролна функција врз работењето на организациските единици на Министерството со посебен акцент на контрола на постапувањето на полициските службеници во врска со почитувањето на човековите слободи и права при примена на полициските овластувања.

**2. Цел на програмата:**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со спроведување на програмските активности ќе придонесе за јакнење на професионалниот интегритет на работниците во Министерството, почитување на општите начела утврдени во Законот за внатрешни работи и превентивните механизми предвидени во истиот, Етичкиот кодекс и законската и подзаконската регулатива која ја применуваат работниците во Министерството.

Во програмските активности предвидено е унапредување на соработката со Народниот правобранител и соработката со органите на државната управа и институциите, невладините и меѓународни организации надлежни за спречување и борба против корупцијата.

## 3. Програмски активности

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2026 година ќе се фокусира на следните програмски активности:

- Јакнење на професионалниот интегритет и подигнување на етичката свест на работниците преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива;
- Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за професионален интегритет на Министерството за внатрешни работи 2026-2028 година;
- Изготвување на подзаконска регулатива со цел комплетирање на законската рамка за проверка на професионалниот интегритет на работниците во Министерството;
- Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот;
- Контрола за почитувањето на законската обврска за деполитизација на работниците во Министерството;
- Контрола на законската обврска за пријавување имот/интереси на работниците во Министерството;
- Континуирана и специјализирана обука на работниците во Одделот;
- Унапредување на соработката со органите на државната управа и институциите, невладините и меѓународни организации надлежни за спречување и борба против корупцијата;
- Јакнење на соработката на Одделот со Народниот правобранител;
- Дигитализација на работните процеси во Одделот и
- Отчетност и транспарентност во работењето на Одделот.

### 3.1. Јакнење на професионалниот интегритет и подигнување на етичката свест на работниците преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива

Градењето на систем за интегритет во рамките на Министерството претставува збир од програми, политики, стандарди, процедури кои ја зајакнуваат отпорноста кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно постапување од страна на работниците во Министерството.

Интегритетот на работниците во Министерството претставува принцип на постојано постапување во согласност со етичките вредности и почитување на законската и подзаконската регулатива. Истите потребно е да се однесуваат примерно и достоинствено, избегнувајќи активности и однесувања со кои може да се намали довербата и да се наруши угледот и интегритетот на Министерството.

Интегритетот на раководните работници е од особено значење, бидејќи тие преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможат доследно почитување на законската и подзаконската регулатива при извршување на работните задачи од страна на работниците во Министерството.

Одделот ќе преземе мерки и активности преку спроведување на обуки и работилници за работниците во Министерството за внатрешни работи за теми кои се однесуваат на борбата против корупцијата, подигнување на нивото на професионалниот интегритет на работниците, спречување на судир на интереси и примање на подароци и запознавање на работниците во Министерството за значењето на Законот за укажувачите како важна алатка во борбата против корупцијата.

Воедно, за приближување на Етичкиот кодекс до работниците во Министерството, ќе бидат преземени мерки и активности со цел печатење и споделување на џебни изданија на истиот.

### 3.2. Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за професионален интегритет на Министерството за внатрешни работи 2026-2028

Планот за професионален интегритет на Министерството за внатрешни работи е стратешки документ изготвен за областите кои се најмногу изложени на корупција и нарушување на професионалниот интегритет. Акцискиот план за негово спроведување опфаќа мерки и активности за спречување на коруптивно постапување, како и избегнување и намалување на ризиците кои влијаат на професионалниот интегритет на работниците во Министерството. Во него се

содржани сет мерки и активности за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно постапување, се дефинираат одговорните организациски единици, временските ограничувања, индикаторите за мерење на спроведувањето на мерките и активностите и предвидените цели за секоја од нив.

Врз основа на направена анализа, во Планот идентификувани се следните ризици поврзани со професионалниот интегритет: ризик од злоупотреба на службена положба и овластувања на работниците кои даваат директни услуги на граѓаните, ризик од злоупотреба на службена положба и овластувања на полициските службеници во сообраќајна и гранична полиција, ризик од прекумерна употреба на физичка сила при примената на полициските овластувања, ризик од злоупотреба на службена положба и овластувања на работниците кои ги спроведуваат постапките за јавни набавки, ризик во областа на управување со човечките ресурси, ризик од злоупотреба на службена положба на полициски службеници при издавање на дозволи за престој на странци и ризик од одавање на класифицирани информации, службени тајни и лични податоци.

Одделот во 2026 година ќе вложи максимални напори за спроведување на мерките и активностите предвидени за тековната година.

### 3.3. Изготвување на подзаконска регулатива со цел комплетирање на законската рамка за проверка на професионалниот интегритет на работниците во Министерството

Еден од механизмите за спречување, детектирање и санкционирање на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците во Министерството кој е предвиден во Законот за внатрешни работи е Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди да врши проверка на професионалниот интегритет преку спроведување на тестови за професионален интегритет во електронска форма или во симулирана ситуација.

Со одредбите од Законот за внатрешни работи се предвидува, Министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски прописи за начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет на работниците во Министерството во електронска форма и за начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет во симулирана ситуација најдоцна до мај 2026 година.

За таа цел, од страна на Министерот за внатрешни работи, формирана е работна група, која активно работи на изготвување на подзаконските прописи кои ќе ја уредат оваа област.

За успешно спроведување на тестовите за професионален интегритет, Одделот ќе преземе мерки и активности за обука на работниците од Одделот за спроведување на тестовите.

### 3.4. Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како контролен механизам во Министерството презема мерки и активности, кои се насочени кон утврдување на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на работниците во Министерството, како и преземање на мерки и активности за нивно спречување.

Контролите ги спроведува по сопствена иницијатива, на барање на надлежниот јавен обвинител, врз основа на информации до кои самостојно доаѓа или службени материјали доставени од полициски службеници и други работници во Министерството. Исто така, постапува и по примен усен или писмен поднесок поднесен од страна на граѓанин или друг субјект, со цел утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во него. Доколку при спроведување на контролите се утврди незаконито, непрофесионално или неетичко постапување од страна на работниците во Министерството, Одделот изрекува задолжителни мерки или препораки/укажувања.

Во текот на 2026 година, Одделот превентивно ќе влијае во спречувањето и борбата против корупцијата во Министерството, преку спроведување на зачестени контроли врз работењето на работниците во организациските единици во кои се утврдени ризици од коруптивно постапување при преземање на службените дејствија.

Воедно, работниците од Одделот ќе учествуваат на обуки од областа на водење на криминалистички истраги во соработка со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот кривичен суд и за вршење на внатрешна контрола и контрола на професионалните стандарди.

### 3.5. Контрола за почитувањето на законската обврска за деполитизација на работниците во Министерството

Деполитизацијата е еден од механизмите за обезбедување законито, професионално и непристрасно работење на Министерството. Таа подразбира отсуство на политички и партиски влијанија во извршувањето на работните задачи и управувањето со човечките, финансиските и материјалните ресурси. Со воспоставување на јасни законски и подзаконски регулативи, на работниците им

се овозможува еднаков третман и транспарентност во работењето, со што се намалуваат ризиците од судир на интереси и корупитивно постапување.

Согласно Законот за внатрешни работи, работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството. Воедно, секој работник се обврзува на секои три години да доставува писмена изјава до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси дека не е член на политичка партија, не е основач, не раководи, не застапува и претставува политичка партија, односно не е член на органи и тела на политичка партија. Писмената изјава се чува во персоналното досие на работникот.

Одделот ќе врши контрола на доставените изјави од страна на работниците согласно одредбите од Законот за внатрешни работи за забрана за членување во политички партии.

**3.6. Контрола на законската обврска за пријавување имот/интереси на работниците во Министерството**

Пријавувањето на имотна состојба и интереси е една од превентивните мерки во борбата против корупцијата и судирот на интереси. Со оваа законска обврска се намалува можноста за незаконско стекнување имот, прикривање на приходи или злоупотреба на службената положба за лична корист.

Следење на имотната состојба и судирот на интереси на работниците е уредена во Законот за внатрешни работи каде е наведено дека при засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување работниците поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси. Работниците се должни во рок од 30 дена од денот на настанатата промена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интерес. Работниците на кој им е прекинат договорот за вработување во Министерството во рок од 30 дена задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во таа насока во 2026 година ќе се продолжи со евидентирање на поднесените изјави за имотни состојби и интереси од страна на работниците во Министерството. Доколку Одделот утврди факти или дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството постапува спротивно на одредбите од овој закон, во соработка со други организациски единици во Министерството спроведува постапка за проверка на точноста на податоците

пријавени во изјавата за имотна состојба и интереси и спроведува контрола врз промените во финансиската состојба на тој работник.

Од страна на работници од Одделот ќе бидат спроведени обуки и работилници на работниците во Министерството за почитување на законските и подзаконските регулативи за пријавување на имотна состојба и судир на интереси. Покрај наведените обуки ќе бидат спроведувани и контроли за проверка на точноста на податоците пријавени во изјавата за имотна состојба и судир на интереси и контроли врз промените во финансиската состојба на работниците.

### 3.7. Континуирана и специјализирана обука на работниците во Одделот

Континуирана и специјализирана обука на работниците во Министерството се врши заради поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, односно заради обезбедување на ефикасно извршување на надлежностите на Министерството.

Во текот на 2026 година, работниците од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе учествуваат на обуки, работилници и други форми на стручно усовршување, организирани во соработка со надлежни организациски единици и национални и меѓународни експерти на теми поврзани со делокругот на работа на Одделот.

### 3.8. Унапредување на соработката на Одделот со органите на државната управа и институциите, невладините и меѓународни организации надлежни за спречување и борба против корупцијата

Меѓуинституционалната соработка преку заеднички и унифициран пристап има голема улога во борбата против корупцијата и криминалот. Во таа насока од голема важност е јакнење на соработката преку навремена размена на информации и податоци со Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во рамки на Јавното обвинителество за гонење на организиран криминал и корупција и надлежните Основни јавни обвинителства. Воедно, соработка се остварува и со други органи на државна управа и институции за спречување и борба против корупцијата.

Корупцијата излегува надвор од националните граници на државата и ниту една држава не може самостојно да се справи со корупцијата без заеднички и координиран пристап со останатите држави и меѓународни организации.

Со цел зајакнување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата, интегриран пристап кон заедничката работа вклучувајќи ги сите форми на засилена соработка и размена на информации, како и нејзино понатамошно развивање, продлабочување и проширување, експертска надградба, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2026 година ќе биде дел од активностите на: Мрежата за зајакната соработка на единиците за внатрешна контрола од регионот и пошироко (NERCISU), EPAC – Европското партнерство против корупцијата, Мрежата за внатрешни истраги воспоставена од страна на Шведската полиција (ICIN), ОБСЕ - Платформа за борба против корупција во граничната полиција, ќе соработува со Регионалната антикорупциска иницијатива RAI и Центарот за безбедносна соработка за земјите од Југоисточна Европа RACVIAC.

Како надлежна организациска единица која презема мерки и дејствија за откривање и сузбивање на кривични дела со елементи на корупција и други форми на коруптивно постапување во Министерството, во 2026 година континуирано ќе соработува со сродни служби од други држави, меѓународни институции и организации и ќе продолжи да развива најширока можна меѓународна соработка во сите области за борба против корупцијата.

Одделот ќе презема активности од областа на борба против корупцијата и заштита на човековите слободи и права, за склучување на меморандуми, договори или протоколи за воспоставување на соработка со органи на државната управа и институции, невладините и меѓународни организации и други субјекти.

### 3.9. Јакнење на соработката на Одделот со Народниот правобранител

Народниот правобранител како надворешен контролен механизам на работата на Министерството претставува значаен фактор во заштита на човековите слободи и права и дава правна помош на граѓаните во случаи каде институциите во државата ги повредиле слободите и правата на граѓаните.

Со цел заштита на човековите слободи и права, Одделот ќе преземе мерки и активности за зајакнување на соработката со Народниот правобранител.

За продлабочување и унапредување на соработката и разгледување на состојбите што се нотирани во извештаите на Националниот превентивен механизам, претставници од Одделот ќе спроведуваат заеднички ненајавени контроли во полициските станици од општа надлежност заради увид во просториите за задржување и во евиденциите за приведени и задржани лица, а се со цел намалување на ризиците од тортура и други форми на сурово, нечовечно или понижувачко постапување.

### 3.10. Дигитализација на работните процеси во Одделот

Дигитализацијата на работните процеси во Министерството ја подобрува ефикасноста при работењето, ги забрзува процесите, го намалува човечкиот контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува комуникацијата помеѓу учесниците и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривањето на корупција.

Во таа насока, Одделот во текот на изминатата година започна процес на воспоставување на систем за дигитализација на сите работни процеси, кој во текот на 2026 година ќе биде континуирано одржуван, развиван и унапредуван.

Целосното имплементирање на електронскиот систем ќе овозможи полесно, поефикасно и поефективно извршување на работните задачи од страна на работниците, полесно следење на нивната работа, зголемување на транспарентноста во постапувањето и намалување на потребата од материјални ресурси.

### 3.11. Отчетност и транспарентност во работењето на Одделот

Правен акт врз кој се темели транспарентноста е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со цел да се зајакне отвореноста и транспарентноста на институциите и да им се овозможи на граѓаните и на другите институции да го остваруваат правото на слободен пристап на информации, Законот предвидува низа обврски и должности за институциите како иматели на информации. Во истиот се содржани и одредби за проактивно објавување на информации, односно за самостојно објавување на информации.

Во текот на 2026 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, преку Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ќе продолжи редовно да ја информира јавноста за своето работење со објавување на своите активности, Антикорупциската програма, периодичните извештаи и други информации од интерес за јавноста, на веб страната на Министерството за внатрешни работи. Воедно, Одделот редовно ќе доставува одговори на поставени новинарски прашања и одговори до подносителите на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер од делокругот на работењето на Одделот преку Одделот за односи со јавност и стратешки прашања.

## 4. Очекувани резултати

Со спроведување на програмските активности предвидени со Програмата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за 2026 година се очекува:

-јакнење на професионалниот интегритет на работниците,

-доследно почитување на законската и подзаконската регулатива од страна на работниците;

-висок степен на почитување на човековите права, еднаков и недискриминирачки однос на работниците кон граѓаните;

-зголемување на транспарентноста во работењето на Министерството;

-контролирање на дискреционите овластувања на работниците;

-почитување на етичките вредности од страна на работниците;

-воведување на ефективен и ефикасен систем за надзор и контрола на работата и однесувањето на работниците;

-унапредување на соработката на Одделот со органите на државната управа и институциите, невладините и меѓународни организации надлежни за спречување и борба против корупцијата и Народниот правобранител;

-стручно усовршување на работниците од Одделот и

-целосна дигитализација на работните процеси во Одделот.

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Ивица Станковски